Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено Pranuar: | 28.06.2021 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. един. Njësia org | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност: Vlera: |
| 1005- | 664/1 | 1 | |

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.**
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Од ваша страна доставено ми е ваше известување под Арх.број: УП.бр.[redacted] од [redacted]г. (во прилог) со кое ме известивте дека наведениот предмет со комплет списи го препрати на понатамошна надлежност до Државниот управен инспекторат. Во тој смисол барам:

**Да ми се достави копија од доказ од кој може да се утврди на кој ден е испратен-доставен предметот со списи до Државниот управен инспекторат и евентуално под кој број и датум е заведен во Државниот управен инспекторат. Копијата од доказот да биде со потврда дека е верна на оригиналот.**

______________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:
**Владо Ушлиновски бул. Партизански Одреди бр.78/18 Скопје.**
(странки во наведениот предмети од кои се барат информациите)

______________________________________________
(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

**НАПОМЕНА:** Пратките да се доставуваат на следната адреса:
[redacted]

ПОДНОСИТЕЛ: [redacted]

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

**26.04.2021 година**

[redacted]

**Архивски број: УП.бр.-1104-435/20**

**До:**
**Г-дин Владо Ушлиновски**
**Ул.„Христо Ботев“ број4/9-Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување по поднесено укажување со барање од 24.02.2021 година.**

Почитувани,

Во врска со вашето укажување со барање поднесено на ден 24.02.2021 година со кое барате донесување на конкретен управен акт односно препраќање на надлежност, сакаме да Ве известиме дека Државната комисија постапи по истото на начин што предметот со комплет списи го препрати на понатамошна надлежност до Државниот управен инспекторат.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

[redacted]


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

30.06.2021 година

**Архивски број:** 1005-664/3

Врз основа на член 18, 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „ Службен весник на РСМ" бр.101/19), а во врска со член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-664/1 од 28.06.2021 година поднесено од [redacted] во делот кој се однесува на барање копија од доказ од кој може да се утврди на кој ден е испратен-доставен предметот со списи до [redacted] **Е УВАЖУВА.**
2. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-664/1 од 28.06.2021 година поднесено од [redacted] во делот кој се однесува на информација под кој број и датум предметот е заведен во Државен управен инспекторат **донесе одлука барањето да го препрати до** [redacted] **како имател на информацијата.**
3. Информацијата во делот во кој се уважува барањето ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.
4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

На ден 28.06.2021 година од страна на [redacted] до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (во понатамошниот текст: Државна комисија) доставено е барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-664/1.

Во барањето е наведено дека од страна на Државната комисија до подносителот на барањето е доставено Известување под архивски број Уп.бр.1104-435/20 од 26.04.2021 година со кое барателот е известен дека наведениот предмет со комплет списите е препратен на понатамошна надлежност до Државен управен инспекторат.


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Притоа, бара да му се достави копија од доказ од кој може да се утврди на кој ден е испратен- доставен предметот со списи до Државен управен инспекторат и евентуално под кој број и датум е заведен во Државниот управеен инспекторат. Копијата од доказот кој бара да му се достави да биде со потврда дека е верна на оригиналот

Формата во која бара да му се достави информацијата е фотокопија ( со потврда дека е верна на оригиналот), а начинот на доставување на информацијата е по пошта (со препорачана пратка).

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го уважи во делот кој се однесува на доставување на копија од доказ од кој може да се утврди на кој ден е испратен – доставен предметот со списи до Државниот управен инспекторат. Бараната информацијата ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во самото барање.

Барањето во делот кој се однесува на доставување под кој број и датум е заведен предметот во Државниот управен инспекторат Државната комисија донесе одлука Барањето за пристап до информации од јавен карактер број 1105-664/1 да го проследи до Државен управен инспекторат, како имател на информацијата.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисја одлучи како во диспозитивот на Решението.

Правна поука: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

*Изготвил: Наталија С. Филипова*